РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-853/4
23-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35- седница одржана на ден 16.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-853/1 од 17.02.2026 година со наводи за сомневање за узурпирање на недвижен имот заведен во КО -------------- и продажба на истото од страна на физички лица, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со Законот за спречување на корупција и судир на интереси, нема елементи за надлежно постапување во конкретниот случај, поради тоа што станува збор за повреда на индивидуално право на подносителот на пријавата кое произлегува од имотно - правни односи за кое ДКСК нема надлежност да постапува а за кое веќе постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-853/1 од 17.02.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Државната комисија за спречување на корупцијата, на ден 17.02.2026 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за узурпирање на недвижен имот во сопственост на подносителот заведен на КП ---------, КО ---------, од страна на лицата ------------, ----------------, ---------------- и ---------------------, негови роднини.
Подносителот во пријавата наведува дека горенаведените лица без негово сознание како сопственик на идеален дел на горespоменатата парцела, незаконски склучиле договор за купопродажба со лицата -------------------- и ------------------------, кој го солемнизирале во Нотар --------------------------. На продадената парцела се градела станбена зграда без одобрение за градба, при што подносителот случајот го пријавил во Државниот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

инспекторат за градежништво и урбанизам при Министерството за транспорт и врски, кој по извршен увид на лице место, констатирал дека станбената зграда од инвеститорот ------------------ е изградена без одобрение за градба, поради што донел Решение и Заклучок за уривање на бр.-----------/-- и 4 од 29.03.2005 година, како и Налог за извршување бр.--------/--- од 29.03.2005 година.
Од доставените прилози кон пријавата констатирано е дека подносителот случајот го пријавил во Министерството за внатрешни работи, Народниот правобранител на РСМ и Основното јавно обвинителство – Скопје.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека во предметниот случај станува збор за повреда на индивидулано право на подносителот на пријавата кое произлегува од имотно - правни односи, за кое ДКСК нема надлежност да постапува а за кое веќе постапил друг надлежен орган.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut Shkup

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: m-r S.D., Член на ДКСК/Anëtar i KSHPK